# РАБОТИЛНИЦА
# ЗА ИЗРАБОТКА НА ОПШТА КОГНИТИВНА ПРОГРАМА

Во периодот од 6 до 8 ноември 2014 година, во рамките на ИПА Проектот 2009 "Јакнење на капацитетите на органите за спроведување на законот за соодветно постапување со задржани и осудени лица", се реализираше работилница во Маврово со цел развивање на Општата когнитивна програма од областа на третманот на осудените лица.

Работната група се состои од претставници на затворскиот систем кои со помош на претставници од Управата за извршување на санкциите, како и национални и меѓународни консултанти ангажирани од Совет на Европа се вклучени во процесот на изработка на оваа програма. Учесниците во текот на тридневната работилница ги утврдија критериумите за вклучување во програмата, содржината на сесиите, зачестеноста на спроведувањето на сесиите, критериумите за исклучување од програмата, како и содржината на Прирачникот за Општата когнитивна програма. Сесиите од програмата се со когнитивно-бихејвиорален пристап кој што подразбира поврзаност помеѓу мислите, емоциите и однесувањето. Техниките употребени во сесиите ќе овозможат препознавање на сопствените обрасци на однесување кај осудените лица кои ќе бидат вклучени, како и планирање и спроведување на личен план за промени.

Европските затворски правила препорачуваат разновидни програмски активности со осудените лица. Спроведувањето на Општата когнитивна програма ќе овозможи подобрување на третманот на осудените лица во сите казнено-поправни установи.

Дизајнирањето на Општата когнитивна програма, е дел од ИПА Проектот 2009 насловен како "Јакнење на капацитетите на органите за спроведување на законот за соодветно постапување со задржани и осудени лица".